Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË RREZIKUT

Арх.бр./Nr. i arhivës.11-4456/3
Дата/Data 16 08. 2023

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), а согласно член 119 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05 и 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012 ,93/2013, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22), постапувајќи по допис бр.11-4456/1 од 19/07/2023год. од страна на ДИЖС со Барање за покренување постапка за одземање на А-ИЕД УП!-11/3-1204/2018 од 31.05.2019год. издадена на **Трговско Друштво ИГМ Џумајлија ДОО с.Сарамзалино-Лозово**, Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За Одземање на А – Интегрирана еколошка дозвола**

**1.**Се донесува решение за одземање на А - Интегрирана еколошка дозвола за: **Трговско Друштво ИГМ Џумајлија ДОО с.Сарамзалино-Лозово ул. Населено место без уличен систем с.Сарамзалино-2208 Лозово.**

**2.Постапката за Одземање на А-Интегрираната еколошка дозвола** УП1-11/3-1204/2018 од 31.05.2019год. се реализира поради непостапување по условите и задолжувањата дефинирани во дозволата и операторот **Трговско Друштво ИГМ Џумајлија ДОО с.Сарамзалино-Лозово** не ја врши активноста во обем и во време утврдено во дозволата.

3.Се задолжува **Трговско Друштво ИГМ Џумајлија ДОО с.Сарамзалино-Лозово ул. Населено место без уличен систем с.Сарамзалино-2208 Лозово, да го подмири долгот пресметан по основ Годишен надоместок за поседување на А-Иинтегрирана еколошка дозвола.**

**4.** Се задолжува операторот на инсталацијата, да превземе мерки и обврски за враќање на животната средина во задоволителна состојба.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË RREZIKUT

**Образложение**

За правниот субјект, **Трговско Друштво ИГМ Џумајлија ДОО с.Сарамзалино-Лозово ул. Населено место без уличен систем с.Сарамзалино-2208 Лозово,** од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање, издадена е А – Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-1204/2018 од 31.05.2019год.

Во таа насока, согласно задолжувањата и обврските утврдени во дозволата, операторот на инсталацијата е должен редовно да го известува органот на државна управа за работите од областа на животната средина, да известува за секоја измена, дефект или прекин на производство, да доставува годишен извештај со резултати од извршени мерења и редовна уплата на годишен надоместок за поседување на А-интегрирана еколошка дозвола.

Од страна на државен инспектор за животна средина направен е редовен инспекциски надзор Записник бр.ИП1-17-12 од 14.02.2023год. со констатација дека нема производни активности подолг период и не може да се стапи во контакт со операторот на инсталацијата и дека не се постапува по ниту еден услов во дозволата и барање да се донесе Решение за одземање на А-ИЕД со број:УП1-11/3-1204/2018 од 31.05.2019год. бидејќи операторот на инсталацијата Трговско Друштво ИГМ Џумајлија ДОО с.Сарамзалино-Лозово, **активноста не ја врши во обем и во време утврдени во дозволата.**

**Државен инспекторат за животна средина, нна ден 19.07.2023год. достави Барање бр.11-4456/1 за покренување на постапка за одземање на А-интегрирана еколошка дозвола согласно констатацијата при спрведен надзор - Записник од спроведен инспекциски надзор** бр.ИП1-17-12 од 14.02.2023год.

Следствено на тоа, Министерството за животна средина и просторно планирање, постапи во согласност со член 119 ставовите (1) и (2) од Законот за животна средина, по претходно доставено Известување бр.11-4456/2 на ден 03.08.2023год. до носителот на дозвола, ДИЖС и општина Лозово каде што е лоцирана инсталацијата, за отпочнување на постапката за донесување Решение за одземање на А-интегрираната еколошка дозвола, одлучи за донесување на Решение за Одземање на А-Интегрираната еколошка дозвола со бр. УП1-11/31204/2018 од 31.05.2019год. поради

непостапување по условите и задолжувањата во дозволата и активноста не ја врши во обем и во време утврдено во дозволата.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатсво за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари уплатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија.

Со почит,

Me respekt,

**МИНИСТЕР/MINISTËR**
**Каја Шукова**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изготвил/Përgaditi: Светлана Глигорова
Контролирал/Kontrolloi: Besa Tateshi
Одобрил/Aprovoi: Nazim Aliti
**Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor**
**Директор/Drejtor**
**Hisen Xhemaili**

**Доставено до: Трговско Друштво ИГМ Џумајлија ДОО с.Сарамзалино-Лозово, Државен инспекторат за животна средина, општина Лозово;**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk